Отворете
ги прозорците

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работата во 2024 година

**Скопје,  февруари, 2025 година**

# С О Д Р Ж И Н А

**ВИЗИЈА И МИСИЈА ... 3**
**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ... 3**
**ПРАВЕН СТАТУС ... 3**
**ОРГАНИ ... 3**
**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ... 4**
**1. ЦЕНТАР ЗА АСИСТИВНА ТЕХНОЛОГИЈА ... 5**
1.1. Процена на потребите од асистивна технологија ... 5
1.2. Индивидуална работа со корисници ... 5
1.3. Советодавна работа ... 5
1.4. Логопедска услуга ... 6
1.5. Обуки ... 6
**2. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ... 6**
2.1. Инклузија на деца со посебни образовни потреби ... 6
2.2. Детски Глас (Voice Kids) ... 7
2.3. Квалитетни услуги за успешна инклузија ... 7
**3. СОРАБОТКА, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ОДРЖЛИВОСТ ... 8**
3.1. Соработка ... 8
3.2. Односи со јавност ... 8
**4. ОРГАНИЗАЦИЈА ... 9**
4.1. Стратегија, управување и раководење ... 9
4.2. Извршна канцеларија ... 9
4.3. Системи и процедури ... 9
4.4. Планирање, известување, набљудување и оценка ... 9
**5. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ... 10**
**6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ... 11**

# ВИЗИЈА И МИСИЈА

Нашата **визија** е свет каде иновативните, асистивни и инклузивни решенија им служат на луѓето да постигнат личен развој

**Мисија** на ОП е да овозможи луѓето да користат достапна асистивната технологија за активно вклучување и остварување на своите права и лични цели во сите сфери на секојдневниот живот.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

- Пристапни, достапни и квалитетни услуги за асистивна технологија, инклузивно и модерно образование,
- Модерно и инклузивно образование, и
- Еднакви можности за сите

# ПРАВЕН СТАТУС

ОП за е запишано во Регистарот на здруженија на граѓани и фондации во Основен суд Скопје 1- Скопје под рег. број 2030 со решение бр. 146/05 од 21.09.2005. Во Централниот регистер на РМ е евидентиран на 24.08.2005. Пререгистрација е извршена 06.04.2012.

Матичен број: 6032036. Единствен даночен број: 4030005563667.

# ОРГАНИ

**Претседател**

Тони Бачваровски

**Собрание**

| | |
|---|---|
| Тони Бачваровски, в.д. претседател | Африм Илјази |
| Илчо Колешески | Ивица Симјановски |
| Арменд Рашити | Ирена Бојмалиева |
| Беким Бекири | Надица Мурџева |
| Оливера Рашиќ Цаневска | Назиктере Сулемани |
| Никица Кусиникова | Горан Петрушев |
| Цветко Смилевски | Елена Петрова |

**Управен одбор**

| | | |
|---|---|---|
| Тони Бачваровски, претседател | Беким Бекири | Африм Илјази |
| Надица Мурџева | | |

**Извршна канцеларија**

| | | |
|---|---|---|
| Маргарита Гулевска, изврш. дир. | Драгана Симјановска | Владимир Јаќимовски |
| Радмила Стојковска Алексова | Ѓорге Јанев | Ана китановиќ |
| Марија Велиновска Велковска | Данче Тодоровска | |
| Кристијан Лазарев (до септември) | Анета Антевска Јордановска | |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Здружението го задржа квалитетот на спроведените активности и испорачаните услуги. Тимот покажа професионалност и високо ниво на одговорност што придонесе годината да заврши со голем успех.

Центарот за асиситивна технологија испорачуваше континуирано услуги за своите корисници.

Проектните активности се фокусираа на промовирање на инклузијата во образованието и социјалната заштита. Оваа година ОП спроведуваше еден проект финансиран од УНИЦЕФ и еден од Детската фондација Песталоци со што значително ја продлабочија соработката со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието и со локалните власти од 12 општини.

ОП продолжи да го надоградува социјалниот капитал преку одржување на контактите со национални и меѓународни организации.

Во 2024 остана високото учество на проектната грантовска поддршка во вкупниот буџет на организацијата, и значително беа намалени комецијалните аквивности.

Здружението успеа да овозможи стабилна финансиска поддршка во текот на целата година од поектни активности.

# 1. ЦЕНТАР ЗА АСИСТИВНА ТЕХНОЛОГИЈА

Центарот за асистивна технологија (Центарот) е сервисната служба на ОП што нуди четири видови услуги:

- процена на потребите за користење асистивна технологија;
- индивидуална работа со корисници;
- советодавна работа, и
- логопедски третман.

## 1.1. Процена на потребите од асистивна технологија

За услугата процена на потребите се пријавиле 45 корисници. Според направената процена, 9 нови корисници ги исполнија критериумите за услуга од центарот.

## 1.2. Индивидуална работа со корисници

Во текот на 2024 тимот на Центарот за АТ овозможи услуги за 49 деца со различен тип на попреченост (физички, интелектуален, комбиниран, сензорни оштетувања, аутизам, потешкотии во учењето итн.) кои имаат потреба од адаптација на компјутер и индивидуален пристап при стекнување на знаења за негово користење. Услугите во Центарот ги реализира професионален тим составен од четири специјални едукатори и еден логопед.

За секој корисник беше направена процена на потребите врз чија основа се изработуваат индивидуалните планови за работа што ги вклучува личните цели на корисниците во поглед на користењето компјутер и серија активности соодветни на нивната ментална и хронолошка возраст. Кај корисниците е забележан напредок во делот на моторичките, когнитивните и социјалните способности, а исто така и во делот на постигнување повисоки образовни цели.

Со корисниците на училишна возраст беа користени едукативни игри за подобрување на одредени функции како моторика, визиомоторна координација, когнитивни способности, аудитивна и визуелна перцепција, внимание, говор и комуникација. Беше поддржан и образовниот процес низ употребата на компјутерот во фазата на описменување, стекнување основни математички вештини и изработка на училишни проекти, како алтернативна можност за корисници кои имаат потешкотија во разбирање на училишното градиво. Повозрасните корисници работеа на усвојување вештини за користење стандардни компјутерски програми со прилагоден јазик и стил на објаснување согласно нивните потреби.

Со децата на предучилишна возраст, на возраст од 4 до 6 години, се работеше на стекнување знаења за правилно користење на технологијата и асистивни компјутерски уреди преку употреба на едукативни и интерактивни игри како: цртање, боење, раскажување приказни преку илустрации, кои имаа за цел да ги развијат нивните когнитивните функции (поим за форма, големина, ориентација во простор и време, логичко мислење), помнење, развој на моторните способности и развој и збогатување на говорот и комуникацијата.

Најчесто користени уреди во работата со корисниците беа екранот на допир, интерактивната маса, таблет, тастатурата со големи копчиња и тракболот.

## 1.3. Советодавна работа

Советодавно – консултативната поддршка беше планирано да се реализира преку:

- советодавни посети во училишта во кои што учат корисници на Центарот;
- советодавни посети и адаптација на компјутер во домашни услови;

- истражување на моменталната потреба од адаптација на работно место за лица со попреченост;

Во континуитет се спроведуваше советодавна и консултативна работа со корисниците, нивните родители и наставници. Консултациите беа во насока на примена и на адаптација на компјутерот во домашни и училишни услови, но и на поддршка на наставниците за креирање индивидуален образовен план и за вклучување на асистивната технологија.

### 1.4. Логопедска услуга

Логопедската работа опфати 10 корисници кои имаат потешкотии во развојот на говорот, кои имаат артикулациски потешкотии или пак имаат потешкотии во социјалната комуникација.

Во работата со  нив покрај компјутерот и прилагодениот софтвер, се користеше и логофон (асистивен уред кој го стимулира развојот на моториката на говорниот апарат) и слушалки за корекција на говор и концентрација.

После секој завршен час се даваа насоки и вежби на родителите за да можат истите да ги применат во домашна средина се со цел за побрзо постигнување на посакуваниот резултат.

### 1.5. Обуки

Во текот на 2024 година здружението организираше 3 комерцијални обуки за лични асистенти, испорачани за Републичкиот Црвен Крст. Обуките ја покрија темата асистивна технологија. Дел од нив се одржаа во просториите на Републичкиот Црвен Крст, а дел онлајн.

На обуките учествуваа повеќе од шеесетина лица кои ја посетуваа пошироката обука на Црвен Крст за лични асистенти. Квалитетот на обуките беше високо оценет од страна на учесниците.

## 2. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2024 година, фокусот на ОП беше насочен кон правото на образование и инклузијата во редовното образование на децата со посебни образовни потреби.

### 2.1. Инклузија на деца со посебни образовни потреби

Проектот Инклузија на деца со посебни образовни потреби Здружението го спроведува со поддршка од Детската Фондација Песталоци.

Цел и влијание на проектот е децата со посебни образовни потреби активно да учествуваат во општеството, да имаат подобрен квалитет на живот и подобри образовни можности.

Во 2024 проектот се реализираше во 24 училишта од следните 12 општини: Гази Баба, Чучер Сандево, Шуто Оризари, Куманово, Велес, Штип, Кочани, Радовиш, Струмица, Прилеп, Битола и Тетово. Низ активностите Здружението имаше партнерски однос со Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование, државни универзитети, Националното координативно тело за коодринација на имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, пет училишта со ресурсен центар и осум центри за поддшка. Проектот остварува влијание на три нивоа: национално, институционално и индивидуално, и дава придонес кон напорите кои државата тековно ги превзема за да осигура подобро инклузивно образование.

Во текот на 2024 година проектот ги постигна следните резултати:

- Како резултат на обезбедените обуки и менторски сесии, инклузивните тимови и наставниците на училиштето станаа повешти во препознавањето и справувањето со

посебните образовни потреби на нивните ученици. Тие ги применија своите новостекнати знаења, асистивната технологија и дидактички алатки за да обезбедат индивидуализирана настава за 782 деца со посебни образовни потреби. 220 од децата добија стипендии.

- 22 професори од четири факултети, од три универзитети (Скопје, Штип и Тетово) кои направија ревизија на постоечките курикулуми за образование на педагошки профили во насока на вклучување на концептот на инклузија и зајакнување на капацитетите на студентите за работа со ученици со ПОП, држеа настава за 1400 студенти;
- Го поддржа професионалниот развој на 660 наставници, членови на стручни служби, преку обезбедени обуки за Почитување на различности и интеркултурализам и Почитување на детски права;
- Продолжи да ја зајакнува соработката со училиштата со ресурсен центар и оваа година поддржа две училишта и шест центри за поддршка со набавка на асистивна технологија;
- Сите 24 проектни училишта направија фандрејзинг активности во чии рамки собраа 1.600.000 МКД од бизниси и приватни поддржувачи. Како резултат на прибраните средства комбинирано со грантовите од проектот во висина од 2, 952, 000 МКД училиштата вложија во подобрување на унклузијата. 7 училишта изградија и опремени простории со ресурси за индивидуална работа, 4 училишта набавија дидактички материјали, 7 направија набавка на асистивна технологија, и 6 училишта ја подобрија физичката пристапност. На донаторските настани учествуваа повеќе од 3 илјади лица, што послужија како места за подигање на јавната свест за креирање локални модели на инклузивни заедници.
- Тимот спроведе и организира различни настани за размена на искуства и дискусии околу креирање модели на инклузивно училиште со различни чинители;
- Во рамки на проектот Факултетот за информатика од Штип направи онлајн апликација до која имале пристап повеке од 44 илјади корисници. Апликацијата е пристапна и може да ја користат сите ученици. Во 2025 година ќе се испитуваат ефектите од апликацијата во наставата.
- Ги направи пионерските чекори во идентификација на деца со попреченост кои се надвор од образование и вклучи 220 деца коишто што добија стипендии за да го продолжат образованието во проектните училишта.

## 2.2. Детски Глас (Voice Kids)

Проектот Voice Kids е во рамки на програмата Еразмус+ на Европската Унија. Започна во септември 2024 и е во времетраење од 36 месеци, односно до крајот на август 2026. Носител на проектот е Универзитетот „“ од Италија, а „Отворете ги прозорците“ е една од партнерските организации заедно со уште 4 центри за асистивна технологија од Италија и Полска, Кипар, и Малта, како и ИНО-Феит од Македонија и факултети од Кипар, Италија и Полска и Малта. Целта на овој проект е, преку заемна соработка помеѓу партнерите во проектот, со активности поделени во 4 интелектуални аутпути, и преку вклучување на локални чинители, да се креира и пилотира детски гласови кои ќе се користат за апликации за алтернативна и аугументативна комуникација. До крајот на 2024 година беше одржан онлајн настан за почнување на проектот, на кој се направи план за почеток на реализација на активностите.

## 2.3. Квалитетни услуги за успешна инклузија

Петта година по ред здружението добива поддршка од Град Скопје за функционирањето на Центарот за асистивна технологија. Во изминатите години поддршката беше проектна, а во 2023 година за прв пат сервисот, односно Центарот за асистивна технологија влезе во

програмата на Градот . во 2024 година беше значително намалена поддрѓката од Градот, но активностите се спроведуваа без намален капацитет и кавалитет.

Општата цел на програмската поддрша е да се создадат можности за поквалитетен живот на децата и лицата со попреченост преку услуги креирани по мерка на корисникот. Оваа цел е во корелација со мисијата на организацијата, преку асистивната технологија и квалитетните услуги да го поттикнува и олеснува активното вклучување на сите луѓе во современиот свет. Преку овој проект за Центарот имаше можност да се набават таблет, лаптоп и асистивни слушалки.

# 3. СОРАБОТКА, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ОДРЖЛИВОСТ

## 3.1. Соработка

ОП продолжи да негува соработка со различни чинители од јавниот и граѓанскиот сектор од земјава и странство.

### 3.1.1. Институции и организации

ОП во 2024 оствари добра соработка со локалните власти. ОП продолжи да ја негува соработката со Град Скопје и Општина Центар и одржуваше редовни средби со претставници на секторот образование и социјална заштита. Кон крајот на годината тимот обезбеди писмо за поддршка од МТСП за да аплицира за програмска поддршка од Град Скопје. Од поченоткот на 2024, Центарот за АТ добива програмска поддршка од Градот.

Организацијата продолжи да ја негува соработката со ФЕИТ. Во текот на годината студенти на факултетот со поддршка на Центарот за асистивна технологија изработуваа проектни задачи за изработка на различни едукативни содржини. Во рамки на студентската програма на ФЕИТ здружението одржа предавање за асистивна технологја и дигитална инклузија пред триесетина студенти.

Во рамки на проектните активности, здружението ја продлабочуваше соработка со шест факултети, од три државни универзитети (Скопје, Штип и Тетово) каде 22 професори ги ревидира своите студиски програми во насока на зголемување на компетенциите на идниот училишен кадар за поддршка на инклузијата во редовното образование. 15 професори реализираа предавања за 1400 студенти.

Соработката со Здружението Конект му овозможи на здружението да обезбеди нови контакти со локални донатори.

ОП оджуваше редовна комуникација со агенциите на УН и Детската фондација Песталоци.

Продолжи членството во мрежите ЕАСПД (European Association of Service Providers for Persons with Disabilities).

### 3.1.2. Бизнис-сектор

Здружението ја започна годината без план за комуникација и работа со бизнис секторот и успеа да обезбеди фондови од ТАВ, Шортлист и Тримакс.

## 3.2. Односи со јавност

### 3.2.1. Веб-страница и социјални медиуми

Во 2024 година здружението имаше потешкотии во одржувањето на веб страницата. Објавите на социјалните медиуми имаа голема фрекфенција бидејќи беа споделувани на социјалните медиуми. Најкористен социјален медиум беше Facebook. До крајот на годината страницата на ОП на Facebook имаше на 7200 следбеници.

### 3.2.2. Настани

ОП оваа година реализираше 6 настани во рамки на проектите, и одржа еден самостоен кумски настан. Во рамки на проектите беа оджани дебати во пет општини и еден завршен настан во форма на панел дисусија на кој учествуваа претставници на националните, локалните власти, училиштата и факултетите.

### 3.2.3. Односи со медиумите

Во 2024 ОП продолжи да соработува со националните и локалните медиуми. И оваа година подобра соработка беше воспоставена со електронските медиуми (телевизии и портали).

Застапеноста во медиумите е најфреквентна во времето на реализација на настани во рамки на проектните активности. Во 2024, најзастапени беа објавувањата на интернет порталите. Беа реализирани 6 гостувања на телевизии.

# 4. ОРГАНИЗАЦИЈА

## 4.1. Стратегија, управување и раководење

Во 2024, здружението се соочи со потешкотии со донаторот кој имаше насоки за подобрувања во управувањето и раководењето на организацијата. Дел од препораките вклучија мерки кои го ослабнаа капацитетот на здруѓението, а одлуките на донаторот имаа врска и со менувањето на нивните стратешки цели.

Насоките за промените на беа земени предвид и во 2024 потешкотиите беа надминати, но процесот направи непожелни поместувања и последици со кои менаџментот мораше да се справува.

## 4.2. Извршна канцеларија

### 4.2.1. Персонал

До крајот на 2024 година, во ОП работеа 8 вработени, од кои сите 8 со полно работно време. Во средина на 2024 година, Ана Мустафова, на позицијата административен асистиент си замина од позицијата, а Анета Аневска Јордановска, на позицијата координатор за финансии остана до декември, но нема да продолжи во 2025. За нејзината позиција здружението распиша јавен оглас на кој беше избрана Соња Мишковска, која ќе дојде на позицијата од јануари 2025.

### 4.2.2. Развој на персоналот

Во октомври, целиот тим на организацијата учестуваше на конференција за асистивна технологја во Белград, каде извршната директорка имаше излагање.

## 4.3. Системи и процедури

ОП продолжи да функционира според системите и процедурите, воспоставени во во 2015. Во текот на годината беше ревидирана процедурата за заштита на децата и правилникот за работа на персоналот.

## 4.4. Планирање, известување, набљудување и оценка

Основни планови за работењето на ОП се деталните описи на проектите. Како и во претходните години, организацијата не изготвуваше оперативни или други планови.

Известувањето остана главно на проектна основа и е во насока на исполнување на преземените обврски кон донаторите. Од друга страна, ОП изработува извештаи за секоја поголема активност посебно (на пример, обуки, истражувања, и сл.).

# 5. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Билансот на приходи и расходи на ОП во 2024 година е прикажан во табелата подолу:

**Здружение на граѓани ОТВОРЕТЕ ГИ ПРОЗОРЦИТЕ Скопје**
**ул. 11 Октомври бр.52А-11 , СКОПЈЕ - ЦЕНТАР**
**ЕДБ 4030005563667**

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД 01.01.2024-31.12.2024

| | | |
|---|---|---|
| | **Приходи** | |
| 1 | **Пренесено салдо** | **573,992.00 ден.** |
| | Почетна состојба 01.01.2024 на сметка НЛБ 210-0603203603-22 | 107,114.00 ден. |
| | Почетна состојба 01.01.2024 на сметка НЛБ 210-0603203605-16 | 153.00 ден. |
| | Почетна состојба 01.01.2024, на сметка НЛБ 210-0603203606-13 | 464,122.00 ден. |
| | Почетна состојба на Благајна 01.01.2024 | 2,603.00 ден. |
| 2 | **Приходи од проекти грантови** | **15,095,370 ден.** |
| | Град Скопје | 500,000 ден. |
| | Конект | 262,500 ден. |
| | Еразмус | 350,746 ден. |
| | Детска Фондација Песталоци | 13,982,124 ден. |
| 3 | **Сопствени приходи** | **284,275 ден.** |
| | Комерцијални услуги | 271,275 ден. |
| | Изнајмување простор | 13,000 ден. |
| 4 | **Донации од правни лица** | **896,644 ден.** |
| 5 | **Донации од физички лица** | **903,360 ден.** |
| | **А) Вкупни приходи** | **17,753,641 ден.** |
| | **Расходи** | |
| 1 | **Банкарски провизии** | **59,983 ден.** |
| 2 | **Сметководствени услуги** | **119,325 ден.** |
| 3 | **Канцелариски трошоци** | **172,683 ден.** |
| 4 | **Режиски трошоци** | **74,166 ден.** |
| 5 | **Проектни активности** | **8,510,382 ден.** |
| 6 | **Такси превоз** | **5,622 ден.** |
| 7 | **Трошоци за бруто плати** | **7,614,549 ден.** |
| 8 | **Трошоци за закупнина** | **470,000 ден.** |
| 9 | **Одржување канцеларија** | **164,796 ден.** |
| 10 | **Телекомуникациски услуги** | **70,582 ден.** |
| | **Б) Вкупни расходи** | **17,262,088 ден.** |
| | **В) Состојба на 31.12.2024 година (А - Б)** | **491,553 ден.** |
| | Состојба на сметка НЛБ 210-0603203603-22 на 31.12.2024 | **3,380.00 ден.** |
| | Состојба на сметка НЛБ 210-0603203605-16 на 31.12.2024 | **99.00 ден.** |
| | Состојба на сметка НЛБ 210-0603203606-13 на 31.12.2024 | **488,074.00 ден.** |
| | Состојба на Благајна на 31.12.2024 | **- ден.** |
| | **Г) Збирна состојба на 31.12.2024** | **491,553.00 ден.** |

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**1. ОП во 2024 година со успех ги заврши проектните активности.**

Здружението го задржа континуитетот и квалитетот на спроведените активности и услуги.

**2. ОП останува организација со висока зависност од грантовска поддршка.**

Здружението не ја намали зависноста од проектните донатори со што останува во голема мера финансиски зависно од грантова поддршка.

Потребно е да се работи на диверзификација на финансирањето.

**3. ОП направи обиди да зајакне соработката со бизнис секторот**

Здружението ја започна годината без детален план за соработка со бизнис секторот, но сепак успеа да добие поддршка од две компании.

Во иднина, здружението ќе работи да по систематизирано да ја гради оваа соработка со цел да овозможи подостапни услуги за корисниците, посебно за тие во социјален ризик.

**4. ОП треба да го унапредува имиџот на транспарентна и одговорна организација, посветена на промовирање на инклузијата.**

За таа цел, организацијата треба ја подобри веб страницата и да продолжи да ги јакне активностите за односи со јавност, вклучувајќи ги социјалните медиуми и соработката со традиционалните медиуми.

Скопје, 25.2.2025 година

Маргарита Гулевска
Извршна директорка